# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 29 став 2 од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ“. бр. 34/01, 49/01, 103/01 и 51/03) и член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“. бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/06 и 129/06), Советот на Народна банка на Република Македонија, донесе

**О Д Л У К А**
**за условите и висината на износот на ефективни домашни пари, чекови и монетарно злато кои можат да се внесуваат во или изнесуваат од Република Македонија**
**(„Службен весник на РМ“ бр.41/2007)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа Одлука се пропишуваат условите и висината на износот на ефективни домашни пари, чекови и монетарно злато кои можат да се внесуваат во или изнесуваат од Република Македонија.

## II. УСЛОВИ И ВИСИНА НА ИЗНОСОТ НА ЕФЕКТИВНИ ДОМАШНИ ПАРИ, ЧЕКОВИ И МОНЕТАРНО ЗЛАТО КОИ МОЖАТ ДА СЕ ВНЕСУВААТ ВО И ИЗНЕСУВААТ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2. Резидентите можат во патничкиот промет со странство да внесуваат во, односно да изнесуваат од Република Македонија ефективни домашни пари во износ до 120.000,00 денари по лице и чекови кои гласат на денари во вкупен износ до 120.000,00 денари

Нерезидентите можат слободно во патничкиот промет со странство да внесуваат во, односно да изнесуваат од Република Македонија ефективни домашни пари во износ до 120.000,00 денари по лице и чекови кои гласат на денари во вкупен износ до 120.000,00 денари.

Нерезидентите можат во патничкиот промет со станство да внесуваат во, односно да изнесуваат од Република Македонија ефективни домашни пари во износ поголем од износот наведен во став 2 на оваа точка, само со документ дека ефективните домашни пари се купени од домашна или странска банка или подигнати од сметка во домашна или странска банка.

Документот од став 3 на оваа точка не може да биде постар од 30 дена од денот на издавањето и нерезидентите се должни при излегувањето од, односно при влегувањето во Република Македонија да го пријават на надлежниот царински орган поради заверка.

3. Вработените во превозните средства кои вршат меѓународен сообраќај, можат да изнесуваат од односно да внесуваат во Република Македонија

ефективни домашни пари во износ поголем од точка 2 на оваа Одлука, ако се остварени од продадени производи на физички лица.

4.Резидентите и нерезидентите можат да внесуваат во Република Македонија пригодни ковани пари и пригодни банкноти издадени во Република Македонија без ограничување.

Резидентите и нерезидентите можат да ги изнесуваат од Република Македонија пригодните ковани пари и пригодните банкноти од став 1 на оваа точка, само со сметка на овластен продавач за нивно купување во Република Македонија, односно со исправа на царинските органи за пријавување на тие пари при нивното внесување.

5. Народна банка на Република Македонија ( во натамошниот текст: Народна банка) може да издаде одобрение за изнесување од Република Македонија на ефективни домашни пари над износот определен во точка 2 на оваа Одлука под следните услови:

- ефективни домашни пари само за нумизматички и колекционерски цели од сите апоени,
- ефективни домашни пари потребни за тестирање на банкомати и машини за броење на книжни и ковани пари под услов кон барањето за добивање на одобрение да се приложи банкарска гаранција од странската фирма дека по извршеното тестирање, а најдоцна во рок од 6(шест) месеци од денот на приемот на ефективните домашни пари, ќе се изврши враќање на истите.

6. Домашна банка може да изнесе од Република Македонија ефективни домашни пари поради продажба на странска банка, врз основа на склучен договор за продажба на ефективни домашни пари со странска банка.

При изнесување на ефективните домашни пари од Република Македонија, домашната банка е должна на надлежниот царински орган да поднесе три примерока од налог, кој е пропишан и пополнет во согласност со прописите кои го регулираат начинот на вршење платен промет со странство.

Домашната банка е должна еден примерок од налогот од став 2 на оваа точка, заверен од надлежниот царински орган наредниот работен ден да го достави до Народна банка, а еден примерок да чува во својата евиденција.

7. Домашна банка може да внесе во Република Македонија ефективни домашни пари поради купување од странска банка, врз основа на склучен договор за купување на ефективни домашни пари од странска банка.

При внесување на ефективните домашни пари во Република Македонија, домашната банка е должна на надлежниот царински орган да поднесе три примерока од налог, кој е пропишан и пополнет во согласност со прописите кои го регулираат начинот на вршење платен промет со странство.

Домашната банка е должна еден примерок од налогот од став 2 на оваа точка, заверен од надлежниот царински орган наредниот работен ден да го достави до Народна банка, а еден примерок да чува во својата евиденција.

8. Внесувањето во и изнесувањето од Република Македонија на ефективни домашни пари за Народна банка може да го врши само лице кое има писмено овластување од гувернерот на Народна банка.

9. Монетарно злато во и од Република Македонија без ограничување може да внесува и изнесува само Народна банка.

Внесувањето во и изнесувањето од Република Македонија на монетарното злато може да го врши само лице кое има писмено овластување од гувернерот на Народна банка.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

10. Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува на важи Одлуката за условите и висината на износот на ефективни домашни пари, чекови и монетарно злато кои можат да се внесуваат во или изнесуваат од Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 66/03).

11. Одредбите од точките 6 и 7 од оваа Одлука ќе се применуваат од 01.06.2007 година.

12. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О.бр.02- 15/III-3/2007
29 март 2007 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.